# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 17 Април 2018 година<br>Скопје<br>Бр.4 Год. XIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за измена и допонување на одлуката за измена и дополнување за давање на согласност на приватниот партнер„Трансмет" ДОО – Скопје за продолжување на рок за изградба за административно-деловна зграда и подземен паркинг простор ..........стр.2
2. Одлука за давање на согласност за промена на приватен партнер, за изградба за административно-деловна зграда и подземен паркинг простор ..........стр.4


**Април 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и допонување на одлуката за измена и дополнување за давање на согласност на приватниот партнер „Трансмет" ДОО – Скопје за продолжување на рок за изградба за административно-деловна зграда и подземен паркинг простор**

Се објавува Одлуката за измена и допонување на одлуката за измена и дополнување за давање на согласност на приватниот партнер„Трансмет" ДОО – Скопје за продолжување на рок за изградба за административно-деловна зграда и подземен паркинг простор, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осмата седница на Советот, одржана на ден 17.04.2018 година.

**Број 09-1418/1**
**од 17.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статут на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) и член 13 став 2 и член 22 во врска со член 24 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор бр.03-121/19 од 26.06.2013 година, склучен помеѓу Општина Ѓорче Петров и Приватниот партнер Друштвото за градежништво, транспорт и трговија „ТРАНСМЕТ“ ДОО - Скопје, Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 17.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и допонување на одлуката за измена и дополнување за давање на согласност на приватниот партнер„Трансмет“ ДОО – Скопје за продолжување на рок за изградба за административно-деловна зграда и подземен паркинг простор**

**Член 1**

Во одлуката за измена и дополнување на одлуката за давање на согласност на приватниот партнер„Трансмет“ ДОО – Скопје, за продолжување на рок за изградба за административно-деловна зграда и подземен паркинг простор број 08-829/14 од 13.03..2018 година објавена во Службен Гласник на општина Ѓорче Петров број 3/2018), во членот 1 зборот „40“ на крајот од реченицата се заменува со зборовите „до 31.05.2018 година“.

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на општина Ѓорче Петров согласно оваа Одлука, да изврши измена и дополнување на Анекс-договор кон основниот договор за продолжување на рокот за изградба на административно-деловната зграда и подземен паркинг простор број 03-999/1 од 15.03.2018 година, солемнизиран од Нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 234/18 од 19.03.2018 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1351/3**
**од 17.04.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за промена на приватен партнер, за изградба за административно-деловна зграда**
**и подземен паркинг простор**

Се објавува Одлуката за давање на согласност за промена на приватен партнер, за изградба за административно-деловна зграда и подземен паркинг простор, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осмата седница на Советот, одржана на ден 17.04.2018 година.

**Број 09-1418/2**
**од 17.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 42 став 1 и 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнератво (Службен Весник на РМ бр. 6/2012; 144/2014; 33/2015; 104/2015; 215/2015), член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров" - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Статутарната одлука за измена и дополнување на статututот на Општина Ѓорче Петров „Службен Весник" бр 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница, одржана на ден 17.04.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекс договори**

**Член 1**

Јавниот партнер Општина Ѓорче Петров е согласен, да се изврши пренос на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор број 03-121/19 од 26.06.2013 година, солимизиран кај нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 414/13, Анекс-договорот број 03-255/1 од 29.01.2015 година, солимизиран кај нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 31/15, Анекс-договорот број 03-1214/1 од 26.04.2017 година, солимизиран кај нотар Владимир Голубовски под број ОДУ 54/17, Анекс-договорот број 03-1790/5 од 04.10.2017 година, солимизиран кај нотар Владимир Голубовски под број ОДУ број 126/17, Анекс-договорот број 03-617/1 од 16.02.2018 година, солимизиран кај нотар Мери Весова на ден 19.02.2018 година, заведен под ОДУ број 144/18 и Анекс-договор број 03-999/1 од 15.03.2018 година, солимизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број234/18 од 19.03.2018 година со сите права и обврски кои произлегуваат од истите, од Приватниот партнер Друштвото за градежништво транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, на новиот Приватен партнер Друштвото за производство, трговија и инжинеринг ЕЛИНГ ДОО Увоз-Извоз Скопје, со седиште на Бул.„Србија" број 13а општина Кисела Вода, со ЕМБС:4272749 и ЕДБ: 4030991190105 согласно тековната состојба од Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 2**

Со преносот на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и Анек-договорите опишани во член 1 од ова одлука, новиот патнер Друштвото за производство, трговија и инжинеринг ЕЛИНГ ДОО Увоз-Извоз Скопје, стекнува својство на приватен паттнер согласно условите предвидени во тендерската документација при изборот на најповолен понудувач за доделување на договорот за јавно приватно партнерство при што ги превзема сите права и обврски кои произлегуваат од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекси, како спрема Јавниот партнер така и спрема трети лица кои имат стекнати свои права и обврски од наведените договори.

**Член 3**

Се овластува градоначалниот на општина Ѓорче Петров, да може во име на Општината да склучи договор со Приватниот партнер на кој се пренесува договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и анекс-договорите опишани во член 1 од ова одлука.

Со договорот по детално да бидат утврдени меѓусебните права и обврски на Јавниот партнер општина Ѓорче Петров и новиот Приватен партнер Друштвото за производство, трговија и инжинеринг ЕЛИНГ ДОО Увоз-Извоз Скопје, а кои произлегуват од основниот Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и дополнително склучените анекс договори.

**Член 4**

Новиот Приватен партнер по склучувањето на договорот со Јавниот партнер може да бара од Јавниот партнер да се извршат измени и дополнување на одобреннието за градење при што наместо досегашниот Приватен партнер Друштвото за градежништво транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, да стои новиот Приватен партнер Друштвото за производство, трговија и инжинеринг ЕЛИНГ ДОО Увоз-Извоз Скопје, и измената и дополнувањето да се спроведе во Агенцијата за катастар на недвижности Скопје.

**Член 5**

Советот на општина Ѓорче Петров е согласен градоначалникот на Општината, со договорот за пренос кој ќе биде склучен со новиот приватен партнер, да може да го утврди крајниот рок за завршување на изградбата на целиот објект, како и опремувањето, примопредавањето и уписот на администативниот дел од објектот кој треба да припадне во сопственост на Јавниот партнер.

**Член 6**

Одликата нема да произведува наикакви правни дејствија и нема да се применува, се додека Приватниот партнер партнер Друштвото за градежништво транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, не го обезбеди и достави до Јавниот патнер општина Ѓорче Петров согласностите од банките од кои има подигнато хипотекарен кредит.

**Член 7**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1351/4**
**од 17.04.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**